Скопје, 4 мај 2010

***Повод: Вознемирувачката состојба на бугарските културно-историски споменици во Република Македонија***

Почитуван господине/госпоѓо,

Разбирајќи ја важната улога на невладините организации во популаризирањето на демократските принципи, културното разнообразие и стабилните меѓуетнички односи, Бугарскиот културен клуб – Скопје прави напори да изгради и воспостави општество, кое ќе биде дел од обединета Европа без граници.

Од своето создавање во мај 2008 г., нашата организација собира податоци за бугарски споменици, гробишта и надгробни плочи во Република Макдонија. Имаме документирано многу вознемирувачки случаи на намерно уништени споменици. Тоа не се изолирани случаи и покажуваат државна политика на безмилосен однос кон бугарското културно-историско наследство во Република Македонија. Протестираме против овие нецивилизирани постапки и рамнодушноста на соодветните институции. Поради таа причина нашата организација ја поставува под прашање нивната искреност за ефективното воведување на европските вредности и стандарди.

Приложуваме детална документација за некои од уништените бугарски споменици. Најшокантните примери се накратко објаснети подолу.

Прилог А документира фотографии од гробот на свештеник Илија Габровалиев во дворот на црквата во село Робово, Струмичко. На надгробната плоча пишува: „един от първите борци за българщината в Струмишко”. Зборот „българщината” е избришан.

Фотографиите В.1 и В.2 од прилог В ја покажуваат црквата Св. Недела во Битола и натписот над нејзиниот влез. На натписот пишува: „Тоя светї храмъ на прѣсветая и славна великомѫченица Недѣля се издїгнѫ отъ основание съ иждивението на Българитѣ при владикованието на Вїсокопрѣосвещенния г-нъ г-нъ Венедиктъ Византийский който и я освети Битоля 13 октомври 1863 год”. Зборот „Българитѣ” е избришан.

Во дворот на црквата Св. Недела се наоѓаат Илинденските гробишта на борците за слобода, кои учествувале во Илинденско-Преображенското востание во 1903 г. Гробиштата се во ужасна состојба и се речиси напуштени. Како што се гледа на фотографиите В.3 и В.4, оригиналната надгробна плоча на војводата Димко Николов е уништена и заменета со нова, напишана со азбуката од 1945 година. На оригиналниот натпис, напишан на бугарски јазик, пишува „вечна ти памет, мило българско чедо”. Тој дел од натписот, на кој пишува „мило българско чедо” е избришан.

Прилог С содржи фотографии на некои од деветте бугарски воени гроба од Првата светска војна на гробиштата во Струмица. Трагичната состојба на гробиштата е очевидна. Некои се намерно уништени или оштетени. Делови од епитафите се целосно променети или избришани, особено зборови, кои се однесуваат на бугарската татковина, но исто така и бугарската буква „ъ" (ер голем).

Во тој контекст би сакале исто така да ги спомeнеме случаите со уништената Фердинандова чешма и детонираниот во 1966 г. споменик на полковник Константин Каварналиев, кој загинал во Првата светска војна во Дојранската битка. За разлика од возобновените британски, германски и француски воени споменици, македонските власти не дозволуваат возобновување на овие и други бугарски споменици, што е јасен доказ за двојните стандарди.

Ние сме многу загрижени од недостигот на политичка клима за утврдување на заедничко разбирање на историјата, што веруваме е главната причина за горе опишаните варварски постапки. Учебниците употребени во македонскиот образовен систем содржат пристрасни идеолошки тврдења, кои потсетуваат на терминологијата на Студената војна, и кои ги претставуваат соседите како непријатели. Тоа сигурно ќе доведе до зголемување на тензиите со соседните држави и ќе создаде внатрешни поделби.

Главната одговорност на политичарите и медиумите е да допринесуваат за култура на взаемно почитување, разбирање, доверба и толерантност. Тоа може да биде реализирано преку взаемно чествување на заеднички историски настани со соседните држави-членки на ЕУ, како суштествен прв чекор кон подобро разбирање на историјата и одржување на добрососедски односи. Ние сме длабоко убедени, дека по тој начин остатоците од старата коминтерновска политика на Балканот, како и неодамнешниот феномен на таканаречената „антиквизација" ќе бидат оставени во минатото.

Уништувањето на споменици не би требало да се случува во држава, која се стреми да стане член на Европската унија и НАТО. Ние веруваме, дека институциите на Република Македонија ќе разберат колку е важно да се грижат за спомениците, кои припаѓаат на бугарското културно-историско наследство.

Поради овие причини ние најучтиво апелираме за востановување, зачувување и одржување на спомениците, кои припаѓаат на бугарското културно-историско наследство.

Со почит,

**Лазар Младенов**
Претседател на Бугарскиот културен клуб - Скопје